РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-91/15
29.04. 2026 год.
Валандово

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17- а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) и член 45 и член 47 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на деветтата редовна седница одржана на ден 29.04.2026 година по предлог на Градоначалникот, донесе

# О Д Л У К А
## за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во Управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово

**Член 1**

Општина Валандово распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член во управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

**Член 3**

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 4**

Постапката за избор на членови во управен одбор на ЈП „Комунален сервис" Валандово ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Валандово.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово".

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова